# K144 - Конвенција за трипартитни консултации (меѓународни стандарди за труд), 1976 г. (бр. 144)

## Преамбула

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата шеесет и прва седница на 2 јуни 1976 година, и

Потсетувајќи на одредбите на постоечките меѓународните конвенции и препораки за трудот -- особено на Конвенцијата за слободата на здружување и заштита на правото на организирање, 1948 г., Конвенцијата за правото на организирање и колективно договарање, 1949 г. и Препораката за консултации (индустриско и национално ниво), 1960 г. – што го потврдуваат правото на работодавачите и на работниците да основаат слободни и независни организации и бараат мерки за промовирање ефективни консултации на национално ниво меѓу јавните органи и организациите на работодавачите и на работниците, како и одредбите од бројни меѓународни конвенции и препораки за трудот што предвидуваат консултации со организациите на работодавачите и на работниците за мерките за нивното спроведување, и

Разгледувајќи ја четвртата точка на дневниот ред на седницата под насловот „Воспоставување трипартитен механизам за промовирање на спроведувањето на меѓународните стандарди за труд" и одлучувајќи за донесување определени предлози во врска со трипартитните консултации за промовирање на спроведувањето на меѓународните стандарди на трудот, и

Утврди дека овие предлози треба да добијат форма на меѓународна конвенција,

на дваесет и први јуни, илјада деветстотини седумдесет и шеста година, ја донесува следнава Конвенција, што може да се наведува како Конвенција за трипартитни консултации (меѓународни стандарди за труд), 1976:

### *Член 1*

Во оваа Конвенција изразот ***репрезентативни организации*** значи најрепрезентативните организации на работодавачите и на работниците што имаат право на слобода на здружување.

### *Член 2*

- 1. Секоја членка на Меѓународната организација на трудот што ја ратификува оваа Конвенција се обврзува да утврди постапки што осигуруваат ефективни консултации, во однос на прашањата за активностите на Меѓународната организација на трудот што се утврдени во член 5, став 1 долу, меѓу претставниците на владата, работодавачите и работниците.
- 2. Природата и формата на постапките што се предвидени во став 1 на овој член се утврдуваат во секоја земја во согласност со националната практика, по консултации со репрезентативните организации, кога таквите организации постојат, таму каде што таквите постапки сѐ уште не се воспоставени.

### *Член 3*

- 1. Претставниците на работодавачите и на работниците за целите на постапките што се предвидени во оваа Конвенција се избираат слободно од нивните репрезентативни организации, кога постојат такви организации.
- 2. Работодавачите и работниците се застапено на еднакво рамниште во сите тела преку коишто се спроведуваат консултациите.

### *Член 4*

- 1. Надлежниот орган ја презема одговорноста за административна поддршка на постапките што се предвидени во оваа Конвенција.
- 2. Надлежниот орган и репрезентативните организации, кога постојат такви организации, склучуваат соодветни аранжмани за финансирање на сите неопходни обуки на учесниците за овие постапки.

### *Член 5*

- 1. Целта на постапките што се предвидени во оваа Конвенција се консултации за--
  - (а) одговорите на владата на прашалници во врска со точките на дневниот ред на Меѓународната конференција на трудот и коментарите на владата за текстовите што се предложени за разгледување од страна на Конференцијата;
  - (б) предлозите што треба да му се дадат на надлежниот органи или органи во врска со поднесувањето конвенции и препораки во согласност со член 19 на Уставот на Меѓународната организација на трудот;
  - (в) преиспитување во соодветни интервали на нератификуваните конвенции и препораки што сѐ уште не се влезени во сила, за да се разгледа кои мерки би можеле да се преземат за промовирање на нивното спроведување и ратификација кога е тоа соодветно;

- (г) прашања што произлегуваат од извештаите што треба да и се поднесуваат на Меѓународната канцеларија на трудот врз основа на член 22 од Уставот на Меѓународната организација на трудот;
- (д) предлози за откажување на ратификувани конвенции.

- 2. За да се осигури соодветно разгледување на прашањата што се наведени во став 1 на овој член, консултациите се спроведуваат во соодветни временски интервали што се утврдени со договор, но најмалку еднаш годишно.

### *Член 6*

Кога тоа се смета за соодветно, по консултации со репрезентативните организации, кога таквите организации постојат, надлежниот орган издава годишен извештај за спроведувањето на постапките што се предвидени во оваа Конвенција.

### *Член 7*

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

### *Член 8*

- 1. Оваа Конвенција е обврзувачка само за оние членки на Меѓународната организација на трудот чии ратификации се регистрирани кај Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот.
- 2. Таа влегува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите на две членки кај Генералниот директор.
- 3. Потоа, оваа Конвенција влегува во сила во однос на секоја членка, дванаесет месеци по датумот на регистрирање на нејзината ратификација.

### *Член 9*

- 1. Членката што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат влегла во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.
- 2. Секоја членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

### *Член 10*

- 1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите членки на Меѓународната организација на трудот за регистрацијата на сите ратификации и откажувања што му се доставени од страна на членките на Организацијата.
- 2. Кога ги известува членките на Организацијата за регистрацијата на втора ратификација доставена до него, Генералниот директор мора да им обрне внимание на членките на Организацијата за датумот на кој што Конвенцијата влегува во сила.

### *Член 11*

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно Членот 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажување, регистрирани од него согласно одредбите од претходните членови.

### *Член 12*

Кога тоа ќе го смета за потребно, Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот поднесува извештај до Генералната конференција за примената на оваа Конвенција и ја разгледува потребата за ставање на прашањето на нејзината целосна или делумна ревизија на дневен ред на Конференцијата.

### *Член 13*

- 1. Ако Конференцијата усвои нова Конвенција која во целост или делумно ја ревидира оваа Конвенција, тогаш, освен ако со новата конвенција не се одреди поинаку:
  - (а) ратификацијата на новата ревидирана конвенција од некоја членка ќе значи ipso jure откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 9 горе, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;
  - б) од датумот кога новата ревидирана конвенција влегува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од членките.
- 2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние членки кои што ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

### *Член 14*

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.